РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-348/1
16-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-2066/1 од 01.08.2025 година, во која се изнесени повеќе наводи за сомневање за неправилности и незаконитости во постапка за избор на кандидатот д-р -------------------------- во наставно-научно звање доцент, во наставно-научно поле -------------- на Универзитетот „--------------------------" во Скопје по конкурс објавен на ------------------ година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, поради тоа постапил друг надлежен орган кој извршил инспекциски надзор при кој не се утврдени неправилности за предметниот случај, од што произлегува дека не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-2066/1 од 01.08.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

ДКСК постапува по предмет оформен по пријава од непознат подносител со број 12-2066/1 од 01.08.2025, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во постапка за избор на кандидатот д-р ----------------------, избран во наставно-научно звање доцент, во наставно-научно поле -------------- на Универзитетот „-----------------" во Скопје, врз основа на Реферат/Рецензија за избор на наставник објавен на ------------------- година во Билтен бр ---- на веб страницата на наведениот Универзитет.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Подносителот во пријавата наведува дека изборот на горенаведеното лице е извршен спротивно на член 167 од Законот за високо образование каде и се уредени условите за избор во наставно-научно звање по стручно-уметнички предмети, бидејќи наставно-научното поле --------------------, не спаѓа во стручно-уметнички предмети според Класификацијата на научно - истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната Фраскатиева Класификација и дека избраниот кандидат немал просек на оценка од најмалку 8,00 во првиот и вториот циклус на студии, како предвиден услов за извршениот избор.
Во пријавата се наведува и дека за случајот постапил Државниот просветен инспекторат кога пријавеното лице пред две години било избрано за доцент врз основа на рецензија од двајца исти кандидат и на сегашната рецензија но, тогаш по постапувањето на инспекторатот изборот бил поништен а тогашниот ректор д-р ------------------- го отпуштил од работа пријавеното лице.
Пријавата е насловена до повеќе институции во РСМ, меѓу кои и до Државниот просветен инспекторат.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, Државната комисија, во два наврати се обрати со барање за доставување на информации до Државниот просветен инспекторат, од каде побара да се изврши вонреден инспекциски надзор над спроведента постапка.

На ден 31.10.2025 година, ДПИ достави Записник за извршен вонреден инспекциски надзор со ИП1 бр.------------- од 24.10.2025 година, во кој е утврдена следната фактичка состојба:
На ден 25.05.2025 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за --------------------, при Универзитетот „--------------------“, донел Одлука бр.----------- од 26.05.2025 година, за отпочнување на постапка за распишување на Конкурс од наставно-научната област ----------- за избор на насловно звање – доцент.

Конкурсот бил објавен на 27.06.2025 година во два дневни печати. Наставно-научниот совет на Факултетот за -------------------------------, при Универзитетот „-----------------“, донел Одлука бр.--------------- од 03.07.2025 година, за формирање на рецензетска комисија за избор на наставно-научно звање не еден наставник во сите наставно-научни звања од наставно – научната област -----------------.
Рефератот од Рецензенската комисија е објавен во Билтен бр.71 од 14.07.2025 година, но поради изразени неправилности во постапката за избор на горенаведното лице во наставно звање доцент, со Одлука бр.--------------- од 14.08.2025 година, Ректорската управа го задолжил Ректорот да го отстрани делот за избор на наставно-научната област ---------------------, во горенаведениот Билтен.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на задолжението на Ректорската управа, Сенатот на Универзитетот, донел Одлука бр.--------- од 10.09.2025 година, за отстранување на спорниот дел во Извештајот кој се однесувал за избор во наставно научно-звање на еден наставник во сите наствно-научни звања од наставно-научната област -------------- на лицето д-р --------------------, во наставно-научно звање доцент, во наставно-научно поле „------------------------“.
Согласно горенаведената Одлука, спорниот дел е отстранет од наведениот Билетен, а д-р ---------------------, не е избрана во наставно-научно звање доцент.

На денот на надзорот, на ДПИ и било приложено документ Предлог-одлука, со која Ректорската управа на Универзитетот ја утврдил потребата за ангажирање на наставници, соработници-асистенти, афирмирани научници, уметници и стручњаци од пракса, визитинг наставници и наставници со насловно звање за вршење на високо образовна дејност на едниците во состав на Универзитетот, за зимскиот семестар од академската 2025/2026, во која е наведено дека д-р -------------------------- е ангажирана како експерт од пракса, согласно член 181 од Законот за високо образование, каде е уредено:„ афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката, без оглед на исполнетоста на условите утврдени со овој закон за избор во звање како специјалисти и експерти, по покана може да изведуваат наставна за одделни делови од наставен предмет, во обем и според условите определени со статутот на високообразовната установа“.

ДПИ ја запрел инспекциската постапка, согласно член 83 став 3 и 4 од Законот за инспекцискиот надзор, а врз основа на тоа дека при извршениот надзор не биле утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзорот.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган кој извршил инспекциски надзор при кој не се утврдени неправилности, од што произлегува дека не се потврдуваат наводите од пријавата.
Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**
**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk